**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 02-1494/1
29.03. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 11, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-1411/5 од 28.03.2018 година, на 18-та седница одржана на 28.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2017 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2017 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2017 година)

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна до 31 март во тековната година, има обврска да даде отчет пред Собранието на Република Македонија, со доставување извештај за својата работа во претходната година.

Следствено на тоа, беше изработен Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година, кој согласно член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи: извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за 2017 година, извештај за реализацијата на Годишниот план за програмски надзор за 2017 година, финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2017 година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

Имајќи го предвид горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 11, член 15 став 1

алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-1411/5 од 28.03.2018 година, на 18-та седница одржана на 28.03.2018 година, донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги,
Претседател на Совет,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Примерок од одлуката да се достави до:
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива.